# Индокина - Виетнам, Камбоџа, Тајланд

## 10. септември 2026. - 24. септември 2026.
## 15 дена - 12 ноќи

> Ако сте одлучиле да тргнете на едно феноменално патување, тогаш тоа мора да биде токму ова! Во овој наш специјален аранжман не ги посетуваме само една, не две, туку дури три спектакуларни држави во Азија!
>
> Возбудата започнува во Бангкок, градот на ангелите и главен град на Тајланд, каде модерното и традиционалното се спојуваат на единствен начин. Тука ќе се впуштиме во возбудлива авантура низ уличните пазари, ќе ги посетиме импресивните храмови и ќе уживаме во пулсирачкиот ноќен живот на ова незаборавно место. Можностите се неограничени – што и да посакате да правите, сигурно ќе го најдете овде! Овој град секогаш остава силен впечаток кај сите наши патници!
>
> Неизбежна станица на нашето патување е Сиам Рип, домот на грандиозниот Ангкор Ват – светско чудо што остава без здив со својата убавина и историска важност. Тука ќе ги разгледаме древните храмови и ќе слушнеме многу приказни за минатото на ова фасцинантно место.
>
> Патувањето продолжува до Хо Ши Мин, урбаното срце на Виетнам, каде животот се одвива во ритам на брзина и енергија. Ќе се запознаеме со турбулентната историја на ова место додека ги истражуваме тунелите Ку Чи, и секако, повторно ќе уживаме во автентичната кујна на локалните пазари.
>
> Потоа следува одмор на прекрасниот остров Фу Куок, кој ќе ни донесе моменти на релаксација на белите песочни плажи. Мора да спомнеме и за богатиот подводен свет што нè чека да го истражиме заедно. Ќе уживаме во тиркизното море и прекрасните зајдисонца што никого не оставаат рамнодушен.
>
> Ова патување низ Индокина ќе ви донесе искуства што ќе останат врежани во вашата меморија

засекогаш. Поврзете се со културите, историјата и природните убавини на овие фасцинантни земји и доживејте незаборавна авантура на животот. ”

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на групата и поаѓање**

Состанок на групата на аеродромот во Скопје два часа пред летот. Лет од Скопје за Бангкок со преседнување во Истанбул. Одиме на исток во пресрет на сонцето.

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Скопје - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Скопје, Истанбул

**Ден 2: Пристигнување во Бангкок**

Трансфер до аеродромот и лет кон престолнината – Бангкок. Пристигнување на аеродромот во Бангкок. Трансфер до сместувањето во центарот на Бангкок. Време е да се запознаме со урбаната џунгла. Бангкок – "Град на Анегелите" - ви дава сосема нова димензија на постоење, нешто сосема различно од сè што сте доживеале досега. Град кој наликува на Њујорк, исполнет со источна филозофија, мириси и различна атмосфера. Вечерта ја поминуваме во еден од најпознатите облакодери со поглед на бескрајните светла на Бангкок. Забава и насмевки до раните утрински часови. ***Ноќевање.***

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Бангкок (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Трансфер од аеродром до сместувањето

**Сместување**
Twin Towers Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Бангкок

**Ден 3: Факултативен излет - Bangkok City Tour**

Авантурата започнува! Се запознаваме со урбаната џунгла. Бангкок или „Градот на ангелите" кој нуди сосема нова димензија на постоење, нешто сосема различно од сè што сте доживеале досега. Град налик на Њујорк, спакуван во источна филозофија, мирис на зачини и различна атмосфера. Забава и насмевки до раните утрински часови. Започнуваме со факултативен излет и истражување на оваа фасцинантна престолнина. Ја посетуваме Кралската палата, чија изградба започнала во 1782-ра година, за време на владеењето на кралот Рама I, основач на династијата Чакри, која потоа станала резиденција на кралот. Во палатата е сместен и Храмот на Емералд Буда, најголемото светилиште на Тајланд, статуа на Буда која е врежана во зелен жад. Го посетуваме Храмот на Зората (Wat Arun), Храмот на лежечкиот Буда (Wat Pho) со огромна статуа во должина од 46 метри и висина 15 метри, која го претставува преминот на Буда во Нирвана. ***Ноќевање.***

**Сместување**
Twin Towers Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Бангкок

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Bangkok City Tour

**Ден 4: Факултативен излет - Пловечки пазар и Train Makret**

Ден за факултативен излет – пловечкиот пазар и Train Market , кои се заштитен знак на Тајланд аде, во духот на старите тајландски обичаи, каде трговците пловат со чамци низ зелените води и полека се приближуваат со различни понуди. Ќе имаме уникатно искуство во посета на пазарот на воз, познат и како „Кишаран маркет", пазар лоциран на шини за воз. Возот поминува низ пазарот неколку пати на ден и на секој сигнал на возот што влегува, продавачите брзо и хаотично саат си ги трхаат тезгите настрана за да го ослободат патот на возот што се движи по тие шини. Кога возот поминува, продавачите се враќаат и ги поставуваат своите тезги на шините. Враќање во Бангкок. ***Ноќевање.***

**Сместување**
Twin Towers Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Бангкок

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Пловечки пазар и Train Market

**Ден 5: Пристигнување во Сиам Реп**

Утрински лет кон Siam Rep (Siem Reap), поранешен фрнацуски колониски град, кој во последните години стана бекпекерски центар на Азија. Пристигнуваме во Siam Rep, трансфер до сместувањето и вечерно истражување на необичната храна на Pub Street. ***Ноќевање.***

**Превоз**
Трансфер од сместување до аеродром
Авионски билет со сите такси на релација Бангкок - Сиам Реп, во економска класа со вклучен рачен багаж 8кг и чекиран багаж од 20кг
Трансфер од аеродром до сместувањето

**Сместување**
Blanc Smith Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Сиам Реп

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 6: Факултативен излет - Angkor Wat**

*Факултативен излет во Ангкор (Angkor Wat),* најголемиот комплекс на храмови во светот, во кој има над 1.000 верски објекти: храмови, молитвени куќи и скулптури. Овој познат комплекс е заштитен од УНЕСКО и се смета за најважниот археолошки локалитет во Југоисточна Азија. Тој е составен од уникатни и убави градби, остатоци од различните престолнини на империјата Кмер, сите изградени во рамките на овој комплекс. Самиот храм „Ангкор Ват“ е најголемиот и за многумина најубавиот објект. Целиот комплекс е опкружен со густа џунгла. По посетата на Angkor имаме слободното време во Siem Rep. Ноќна забава во клубовите и баровите. ***Ноќевање.***

**Сместување**
Blanc Smith Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Сиам Реп

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Анкор Ват (Angkor Wat)

**Ден 7: Факултативен излет - Кампонг Плук**

Тргнуваме кон традиционалното плутачко камбоџанско село Кампонг Плук (Kampong Phluk). Името на селото во превод значи „Пристаниште на слоновите китови“, бидејќи во минатото се тргувало со слонови на тоа место. Во селото живеат локалци од кмерско потекло, кои ги изградиле своите сојници на 10 метри височина над езерото Тонле Сап, кое е опкружено со шума. Езерото е  најголемото слатководно езеро во Југоисточна Азија додека неговата хидрологија им овозможува на локалците мошне карактеристичен начин на живот. Тоа значи дека зависно од сезоната се менува начинот на животот на селаните. Жителите за време на врнежливата сезона живеат од риболов додека за време на сувата сезона се симнуваат доле во пољаните и се занимаваат со земјоделије. Се дружиме со локалното население и се запознаваме со нивниот начин на живот и обичаи. Ќе разговараме со мештаните на ова село и ќе уживаме во неверојатниот залез на сонцето. Навистина едно од најуникатните и најавтентичните исксутва во Камбоџа. ***Ноќевање.***

**Сместување**
Blanc Smith Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Сиам Реп

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Кампонг Плук (Kampong Phluk)

**Ден 8: Пристигнување во Хо Ши Мин**

Пристигнување во Хо Ши Мин или Сајгон, град стар повеќе од 300 години и центар на културата, образованието и туризамот. Ова е всушност најголемиот град во Виетнам кој ја комбинира западната култура со ориентот, град познат како скапоцениот камен на Далечниот исток. Во градот има многу остатоци од колонијалниот период, како што се Катедралата Нотр Дам, поштата  Сајгон, старата американска амбасада итн. Трансфер до сместувањето и слободно време за одмор и слободни активности. Уживаме во вкусовите, мирисите и боите на Азија...***Ноќевање.***

**Превоз**
Трансфер од сместување до аеродром
Авионски билет со сите такси на релација Сиам Реп - Хо Ши Мин, во економска класа со вклучен рачен багаж 8кг и чекиран багаж од 20кг
Трансфер од аеродромот до сместувањето

**Сместување**
Happy Life Green Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Хо Ши Мин

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 9: Факултативен излет - Меконг Делта**

Факултативен целодневен излет до реката Меконг и пловење со традиционални бротчиња низ густата вегетација и околу островчињата кои ја прават делтата на реката. Делтата Меконг е многу плодна со ориз, аргуми и тропско овошје. Посетуваме интересни занаетчиски села каде можете да најдете сè за опремување на домот, но направено од кокосово дрво. Шетајќи низ тивките селски патишта, наидуваме на богати локални овоштарници, каде јадеме вкусно свежо егзотично овошје, пиеме топол чај со мед и уживаме во локалната музика. Враќање во Хо Ши Мин. ***Ноќевање.***

**Сместување**
Happy Life Green Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Хо Ши Мин

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Меконг Делта (Mekong Delta)

**Ден 10: Пристигнување на Phu Qouc**

По појадок имаме трансфер до аеродромот во Хо Ши Минг. Локален лет до островите Phu Qouc. Добредојдовте на најегзотичната тајна на Виетнам -- островот Phu Qouc. Тропски рај каде не разладуваат свежиот океански воздух и стотици палми. опк опкружен со палми и свеж океански воздух. Имаме трансфер од аеродромот до нашето сместување. Правиме check-in и имаме слободно време да уживаме во некои од стотиците плажи со бел песок, тиркизно море и корални гребени -- а замислете ова е само почетокот на нашата незаборавна авантура. Вечерта е резервирана за највкусната улична храна на некои од ноќните пазари или пак пијачка во некој од локалните барови! ***Ноќевање***

**Превоз**
Трансфер од смествањето до аеродром
Авионски билет со сите такси на релација Хо Ши Мин - Фу Кок, во економска класа со вклучен рачен багаж 8кг и чекиран багаж од 20кг
Трансфер од аеродром до смествањето

**Сместување**
Gaia Hotel Phu Quoc **(1 ноќ)**

**Место**
Phu Quoc

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 11: Слободен ден**

Имаме слободен ден за уживање во тропскиот рај -- Phu Qouc. Островот е познат по долгите песочни плажи, а повеќе од половина остров е Национален Парк каде има планини, патеки за пешачење и густи тропски шуми. ***Ноќевање.***

**Сместување**
Gaia Hotel Phu Quoc **(1 ноќ)**

**Место**
Phu Quoc

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 12: Four Islands**

По појадок време е за целодневна тропска авантура! Со speedboat се упатуваме кон четири различни острови околу Phu Qouc, секој со своја уникатна убавина. Нуркаме во кристално чистото море, истражуваме корални гребени и се запознаваме со шарениот подводен свет. Замислете стотици палми, тиркизна вода и бел песок. Се плажираме и го бараме Немо :). По незаборавните подводни доживувања, ќе застанеме на нашиот последен остров, каде имаме време за релаксиран BBQ ручек на плажа – свежо приготвена храна, сонце и совршен поглед. Ова е вистински Island Getaway што не се заборава. Во попладневните часови се враќаме во нашето сместување и имаме слободно време да искочиме на пијачка во некој од локалните beach барови. ***Ноќевање***

**Сместување**
Gaia Hotel Phu Quoc **(1 ноќ)**

**Место**
Phu Quoc

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Четири Острови (Four Islands)

**Ден 13: Слободен ден**

Слободен ден за уживање на плажа со коктел во рака!***Ноќевање.***

**Сместување**
Gaia Hotel Phu Quoc **(1 ноќ)**

**Место**
Phu Quoc

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 14: Напуштање на сместувањето, трансфер до Хо Ши Мин и лет за Истанбул**

По појадок правиме check-out од нашето сместување. Трансфер до аеродромот и лет за Хо Ши Мин. Пристигнуваме во Хо Ши Мин и се упатуваме кон аеродромот. Лет од Хо Ши Мин до Истанбул.

**Превоз**
Трансфер од сместувањето до аеродром
Авионски билет со сите такси на релација Фу Кок - Хо Ши Мин, во економска класа со вклучен рачен багаж 8кг и чекиран багаж од 20кг
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Хо Ши Мин - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Хо Ши Мин, Истанбул

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 15: Враќање и крај на патувањето.**

Лет од Истанбул до Скопје. Пристигнување во Скопје и **крај на патувањето!**

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Скопје (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Скопје

**Цени и услови**

| **Што е вклучено** |
| --- |
| Регуларна цена<br>**2.099,00** EUR |
| **ПРОМО ПОПУСТ!**<br>Попустот важи **за првите 4 пријави!**<br>**1.899,00** EUR |

**Не е вклучено**

- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици
- Виза за Тајланд и услуга за визирање
- Виза за Виетнам

- Виза за Камбоџа

Сите уплати се вршат исклучиво во денарска противредност по курс од 62 денари за 1 евро и тоа: при пријавување се плаќаат 200€. По формирање на групата се доплаќа уште 300€. Преостанатиот дел се плаќа најдоцна 6 недели пред поаѓање. Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скренирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не одговара за печатење на авио билетот со погрешни податоци. Потребната документација за виза, потребно е да ја доставите најдоцна 1 месец пред патувањето. Доколку патниците не доставаат документација за виза во наведениот рок, должни се сами да си обебедат виза за патувањето. Доколку патниците си обезбедуваат виза сами, потребно е најдоцна 20 дена пред патувањето да доставаат копија од визата.

**Факултативни излети**

**Bangkok City Tour**

**Цена**: од **65,00** EUR до **70,00** EUR

На овој излет ќе имате прилика да ги видите сите најважни и најубави знаменитости на Бангкок и да се запознаете со оваа фасцинантна престолнина! Поаѓаме од хотелот во утринските часови и трансфер до Кралската палата (Grand Palace) и храмот на смарагдниот буда (Wat Phra Kaew). Кралската палата претставува најголема туристичка атракција во Бангкок. Кратка прошетка до следниот локалитет - Храмот на лежечкиот Буда (Wat Pho). Овој храм се наоѓа веднаш до Кралската палата, а е еден од најстарите и најголеми храмови во Бангкок со површина од 8 хектари. Во Wat Pho можете да видите преку 1000 прикажувања на Буда! Сепак, најголемата атракција е статуата "Лежечки Буда" по која целиот комплекс го носи името. Статуата е долга 46 метри и висока 15 метри, а го претставува Буда во состојба на нирвана, на крајот на своите реинкарнации. Wat Pho е исто така познат по своето традиционално училиште за Тајландска масажа. Кратка прошетка до реката и преоѓање на другата страна со бротче, до Храмот на зорите (Wat Arun). Овој храм е еден од најпознатите симболи на целиот Тајланд.

Во цената на излетот е вклучено:

- Влезници за Grand Palace и Wat Phra Kaew
- Влезница за Wat Pho
- Влезница за Wat Arun
- Стручен лиценциран водич на англиски јазик за време на целиот излет
- Организиран превоз по предвидениот план и програма

*За овој излет е потребно да понесете гардероба прикладна за влез и посета на будистички храм.

**Пловечки пазар и Train Market**

**Цена**: **45,00** EUR

Поаѓање во утринските часови. Пристигнуваме на Train market точно навреме да видиме како возот ја напушта станицата и минува точно низ средината на пазарот. Продавачите набрзина ги подигнуваат тендите и тргнуваат настрана сè што му попречува на возот. Сите со брз чекор ги ослободуваат шините за непречено поминување на возот. Се слуша гласна сирена како сигнал и сите возбудено стоиме и чекаме. Возот надоаѓа, им одмавнуваме со рака на патниците во возот, како и тие нам. Штом помине возот, го разгледуваме пазарот и купуваме!

Потоа одиме кон пловечкиот пазар "Damnoen Saduak". Позади не толку познатиот назив "Damnoen Saduak" стои еден од најпознатите обележја на Тајланд - пловечкиот пазар! На околу 100 км југоисточно од Бангкок се наоѓа мало трговско место пресечено со канали изградени уште во 18-от век. Во духот на старите тајландски земјоделци, тргнувајќи со чамци низ зеленкастата вода, полека се приближуваат трговци со разнолики понуди. Старици со сламени шешири со насмевка нудат најразлични јадења, десерти и сокови од егзотично овошје на ист начин како и пред стотина години. По пловењето со чамци ќе имаме малку слободно време да прошетаме и по копнениот дел на пазарот. Враќање назад во сместувањето во попладневните часови.

Во цената на излетот е вклучено: преставник од агенцијата, локален водич, организиран превоз по предвидената агенда, возење со чамец, влезници за сите локалитети.

**Анкор Ват (Angkor Wat)**

**Цена**: од **90,00** EUR до **110,00** EUR

Нè очекува будистичка авантура во еден од најфасцинантните храмови на #целсвет. Го посетуваме древниот Анкор Ват -- најголемиот манастирски комплекс на светот, кој вклучува повеќе од 1.000 религиозни објекти, храмови и скулптури. Комплекс кој дефинтивно го имаме видено на некој холивудски блокбастер, а претставува бисер на древната историја на Камбоџа. Овој познат комплекс е под заштита на УНЕСКО и се смета за најважниот археолошки локалитет во Југоисточна Азија. Храм кој има повеќе од 1000 различни скулптури и објекти, изградени од различни кмерски кралови. Посетуваме неколку помали храмови кои се во склоп на овој комплекс, а јаготката на шлагот е главниот храм Анкор Ват. Овој светски познат храм некогаш би духовниот центар на многуте кралства кои се простирале на овие простори. Кралствата доаѓале и заминувале но храмот останал. Денес е најважниот симбол на државата Камбоџа.

**Кампонг Плук (Kampong Phluk)**

**Цена**: **55,00** EUR

Тргнуваме кон традиционалното плутачко камбоџанско село Кампонг Плук (Kampong Phluk). Името на селото во превод значи „Пристаниште на слоновите китови", бидејќи во минатото се тргувало со слонови на тоа место. Во селото живеат локалци од кмерско потекло, кои ги изградиле своите сојници на 10 метри височина над езерото Тонле Сап, кое е опкружено со шума. Езерото е  најголемото слатководно езеро во Југоисточна Азија додека неговата хидрологија им овозможува на локалците мошне карактеристичен начин на живот. Тоа значи дека зависно од сезоната се менува начинот на животот на селаните. Жителите за време на врнежливата сезона живеат од риболов додека за време на сувата сезона се симнуваат доле во пољаните и се занимаваат со земјоделије. Се дружиме со локалното население и се запознаваме со нивниот начин на живот и обичаи. Ќе разговараме со мештаните на ова село и ќе уживаме во неверојатниот залез на сонцето. Навистина едно од најуникатните и најавтентичните искуства во Камбоџа.

**Меконг Делта (Mekong Delta)**

**Цена**: од **55,00** EUR до **60,00** EUR

Дали сте спремни да влезете во ремек делото на природата, Меконг Делтата. Место со најголем биодиверзитет на #ЦелСвет! Реката Меконг е најголемата река во Индокина која извира во Тибет, тече низ Бурма и Лаос, а се влева во Јужното кинеско море, во Виетнам. Реката, пред да се влее во морето, прави огромна делта со 9 краци, наречени и „Куу Лонг“ или „Девет ламји“. Делтата Меконг изобилува со густа џунгла и неверојатен биодиверзитет а плодната почва овозможува огромни плантажи со ориз, агруми и тропско овошје. Селата кои се наоѓаат по течението на реката практично живеат заедно со реката. При нивната посета ќе видиме дел од нивниот секојдневен живот и каде ќе најдеме секакви сувенири за дома изработени од кокосово дрво. Одејќи низ тивките селски патишта, наидуваме на богати локални овоштарници, каде јадеме вкусно свежо егзотично овошје, пиеме топол чај со мед и уживаме во локалната музика. Почнуваме незаборавна авантура низ самите речни краци. Пред нас е сцена од која нема да не остави рамнодушни. Мирот и тишината кои ги доживуваме тука ќе ги памтиме долго после нашето враќање. Одиме во традиционално виетнамско село за ручек, а по ручекот имаме можност да се дружиме со змии, крокодили и мајмуни. Кој сака, може да пешачи или да изнајми велосипед за да се вози низ селото.

**Четири Острови (Four Islands)**

**Цена**: од **55,00** EUR до **60,00** EUR

Подгответе се за целодневна тропска авантура! Со speedboat се упатуваме кон четири различни острови околу Phu Qouc, секој со своја уникатна убавина. Нуркаме во кристално чистото море, истражуваме корални гребени и се запознаваме со шарениот подводен свет. Започнуваме со нашиот прв остров Kim Quy, попознат како островот на златната желка. Замислете стотици палми, тиркизна вода и бел песок. Попатно застануваме на нашиот прв корален гребен. Оттука продолжуваме кон островот May Rut Ngoại -- вистински тропски рај, имаме време за плажирање и уживање во тиркизното море. Оттука продолжуваме кон островот Buom -- каде ќе се запознаеме со стотици шарени немо рипчиња. По незаборавните подводни доживувања, ќе застанеме на нашиот последен остров, каде имаме време за релаксиран BBQ ручек на плажа – свежо приготвена храна, сонце и совршен поглед. Ова е вистински Island Getaway што не се заборава.

**Сместување**

**Twin Towers Hotel** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Twin Towers Hotel е хотел со 4* (по локална категоризација) во Бангкок, Тајланд. Twin Towers Hotel е лоциран на еден од најинтересните и најдинамичните делови на Бангкок. Познат по својот ноќен живот со забавни хипи барови, ресторани, кафулиња. Хотелот располага со двокреветни или трокреветни соби. Секоја соба има сеф, клима уред, телевизор, интернет и сопствен тоалет.

**Сајт**
https://www.thetwintowershotel.com/

**Адреса**
88 Rama VI Rd
Rong Muang
Pathum Wan
Bangkok 10330
Thailand

**Blanc Smith Hotel** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Blanc Smith Hotel е хотелско сместување со 4 ѕвезди по локална категоризација. Сместен во Сием Реп, на 200 метри од King's Road Angkor, Blanc Smith Residence нуди сместување со надворешен базен, бесплатен приватен паркинг и заедничка надворешна тераса. Гостите имаат на располагање 24-часовна рецепција, перална, доктор, спа, бар, трансфер до аеродромот, room service и бесплатен WiFi низ целиот објект. Собите на хотелот располагаат со климатизација, гардеробер, електричен чајник, фрижидер, сеф, сателитска телевизија и двокреветни соби со сопствен тоалет.

**Сајт**
https://www.blancsmithhotel.com/

**Адреса**
Sok San Road
Sangkat Svay Dongkum
Siem Reap
Cambodia

**Happy Life Green Hotel** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Happy Life Green Hotel е модерен хотел со 4* (по локална категоризација), на одлична локација. Во срцето на централниот бизнис дистрикт на градот, на само неколку минути пешки до Бен Тан пазарот, Плоштадот Сајгон и познатата палата на обединетоста. Хотелот располага со сопствен ресторан кој служи вегетаријански, европска и виетнамска храна, надворешен базен, фитнес и спа центар. Се сместуваме во двокреветни/трокреветни соби со клима уред, минибар, фен, сеф и телевизор.

***Услугата е на база на ноќевање со појадок.***

**Сајт**
https://happylifeenterprise.com/contact.html

**Адреса**
102-104-106 Le Thi Hong Gam
Nguyen Thai Binh ward
District 1
Ho Chi Minh
Việt Nam

**Gaia Hotel Phu Quoc** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Gaia Hotel Phu Qouc е хотел со 4* (по локална категоризација) на Phu Quoc, Виетнам. Хотелот се наоѓа на одлична локација на островот -- во Duong Dong квартот, каде се наоѓаат многу ресторани, продавници и барови и на само 5 минути пешки до плажата (Long Beach). Хотелот располага со сопствен ресторан, надворешен базен со лежалки и фитнес центар. Се сместуваме во двокреветни/трокреветни соби со клима уред, телевизор, бесплатен WiFi интернет, минибар, електричен kettle и фен за коса.

***Услугата е на база ноќевање со појадок.***

**Сајт**
https://gaiaphuquoc.com/

**Адреса**
71 Đường Trần Hưng Đạo
Dương Đông
Phú Quốc
Kiên Giang
Vietnam

**Превоз**

**Авион**

Патнички авион (линиски авион или комерцијален транспортен авион) е голем авион првенствено наменет за комерцијален превоз на патници и товар.

**Локален трансфер**

Помало превозно средство за најчесто до 15 патници. Во зависност од земјата може да биде со помал или поголем комфор.

**Автобус**

Автобус е превозно средство наменето за превоз на група од 48-87 луѓе.

**Брод**

Брод е превозно средство кое се користи по реки и мориња.

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Истанбул**

Истанбул е најголемиот град во Турција, кој се наоѓа долж течението на Босфорскиот теснец кој ја поврзува обалата на Мраморното со Црното Море. Овој огромен град, единствен на светот изграден на два континента (Европа и Азија), има површина од речиси 6.000 км2 и брои над 15 милиони жители според официјалнi мерења, односно 20 милиони неофицијално. Денес тој е најзначајниот турски град. Брои преку 20 универзитети, многу библиотеки, културни центри, неизмерно богатство од културно-историски споменици. Иако не е главен град на државата, Истанбул е големо економско и културно седиште на Турција, како и најатрактивниот и најпосетен туристички центар.

**Бангкок**

Бангкок е главен и најголем град на Кралство Тајланд и еден од најголемите градови во Југоисточна Азија. Се наоѓа во централниот регион на Тајланд. Тајланѓаните Бангкок нагалено го нарекуваат Крунгтеп, што во превод значи “Град на ангелите“, додека секаде во светот е познато интернационалното име Бангкок.

**Сиам Реп**

Сиам Реп (Siem Reap) се наоѓа во близина на езерото Тонле Сап и денес претставува многу популарна туристичка дестинација со многубројни хотели и ресторани, првенствено благодарејќи на близината со Ангкор. Во градот можат да се видат градби од колонијалниот период, многубројни сувенирници, продавници за свила и останати дуќани со домашни производи.

**Хо Ши Мин**

Хо Ши Мин (Ho Chi Min), некогашниот Сајгон е најголем град на Виетнам. Градот се наоѓа на брегот на реката Меконг, на 60км од јужнокинеското море. Некогаш бил француска колонија, па така и денес има многу остатоци од колонијалниот период, како што се катедралата Нотр Дам, поштата Саигон, старата амбасада на САД и др.

**Phu Quoc**

Phu Quoc е остров во тајландскиот залив, јужно од Камбоџа. Познат е по националниот парк, долгите плажи со бел песок и густа тропска џунгла, а жителите на овој остров традиционално се занимаваат со риболовење и изработка на традиционални производи.

**Корисни информации**

**Тајланд**

**ВИЗИ**

За државјаните на Р. С. Македонија е потребна виза за влез во земјата. Визата се вади online на порталот за електронска виза, а за истата нашата агенција ви испраќа детални инструкции за визирање. Процесот за добивање на виза трае од 3-10 работни дена.

За сите погоренаведени информации како и за условите за добивање на Тајландска виза, најдобро е уште еднаш да се потврдите со информациите објавени на вебсајтот на Амбасадата: https://ankara.thaiembassy.org/en/publicservice/tourist-visa-general-nationalities-2?page=5d7717d815e39c2f34004f91&menu=5fe9be9918ae6d2115217f92

**ВАЖНА НАПОМЕНА:** НАШАТА АГЕНЦИЈА НЕ СНОСИ ОДГОВОРНОСТ ВО СЛУЧАЈ НА НЕМОЖНОСТ НА ДОБИВАЊЕ ВИЗА ПОРАДИ НЕПОТПОЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ВО ТАКВИ СЛУЧАИ - ВАЖАТ ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**ЛЕКОВИ, ВАКЦИНИ И ЗДРАВЈЕ**

За патување и влез во Тајланд не е потребна вакцинација и нема опасност од тропски болести. За патувањето не е потребен доказ за вакцинација, освен ако доаѓате од област зафатена со жолта грозница (области од Централна Африка или Јужна Америка). Секако овие податоци и информации препорачуваме да ги проверите со Институтот за Јавно Здравје во Македонија. Препорачуваме на пат да понесете пробиотици, лекови за настинка и температура (пр. Фервекс, Риностоп) како и лекови за болка (пр. Бруфен, Кафетин) и доколку примате редовна терапија - лековите кои Ви се препишани. Исто така понесете и Аутан или некое слично средство против комарци.

**КЛИМА**

Во Тајланд преовладува тропска монсунска клима. Сезоната на дождови трае од средината на мај до октомври, додека сува сезона е во периодот од ноември до април. Температурата е летна (висока) во текот на целата година. Регистрираните температури се движат од 20°C и највисоката до 38°C. Поради високата влажност на воздухот температурата тешко се поднесува. На северниот дел влажноста е значително помала, а климата поблага. Југозападните монсуни кои доаѓаат помеѓу мај и јули (освен на југ) сигнализираат доаѓање на сезоната на дождови (ruedu fon). Таа трае до октомври и облаците ја редуцираат температурата. Влажноста на воздухот во тоа време е висока. Ноември и декември означуваат сува сезона и ноќни температури во пределите со висока надморска висина можат повремено да паднат до ново на благ мраз. Температурите почнуваат да се искачуваат во јануари, кога може да достигнат и до 40°C.

**Планот на сезоната на патувањата и поаѓањата на нашиот Вебсајт се базирани на искуства од претходните 10 години и се избегнуваат месеците за кои постои опасност од обилни дождови**

**БЕЗБЕДНОСТ**

Градовите и местата кои си посетуваме за време на патувањето се безбедни, но секако советуваме да внимавате на своите лични работи, документи и пари (како и на патување во било кој европски или некој друг град). Местата каде се сместуваме се туристички места каде сите збиднувања се околу нашиот хотел, односно во близина на плажата и главните пешачки улици, така што сме во осветлен дел каде се движат туристи и е безбедно. Навечер, избегнувајте сами да ги истражувате периферните делови на градот.

**ПАРИ, ПЛАЌАЊЕ И ТРОШОЦИ**

Официјална и основна валута на Тајланд е Тајландски бах (THB). Односот на валутата е следен:
1 EUR = 35.92 Thai Baht
1 USD = 35.45 Thai Baht
* Ова е курсот во моментот на објавување на овој текст. Истиот можете да го проверите на google.com пред патување.

Во многу од баровите, рестораните и продавниците ќе може да плаќате во долари, но по неповолен курс отколку да ги смените парите во менувачница. Што се однесува на платежните картички, може да носите за подигнување средства од банкомат, но секако е подобро да имате кеш со себе. Доколку носите картичка најавете и на матичната банка дека ќе имате плаќања во странство, како не би Ви ја блокирале картичката кога ќе плаќате во Тајланд. Провизијата за користење на банкоматите се движи околу 180 - 200 BHT (6 евра), но за точната висина на провизијата треба да проверите со матичната банка. Наша препорака е да понесете кеш.

Исто така советуваме да не носите банкноти од 500€ бидејќи повеќето менувачници не ги прифаќаат. Менувачници исто така имате на секој чекор, достапни во текот на целиот ден.

Патниците на ова патување трошат од 550€ па нагоре (без факултативните излети), но тоа секако е индивидуална работа и зависи колку трошите на shopping, храна, сувенири, излегувања итн. Ако до сега не сте научиле да се ценкате, ова е вистинско време инаку сé ќе платите многу поскапо.

**ХРАНА И ВОДА**

Храната е многу разноврсна, типично азијска. Има многу ориз, риба, нудли, пилешко, овошје и зеленчук. Таи кујната спаѓа помеѓу најдобрите кујни на светот и е традиционален источен производ, но сé почесто и западно кулинарско влијание. Обележја на таа егзотична кујна се чили пиперките, лук, коријандер, тајландски босилек, лимета, лимонова трева, галангал, тамаринд и имагинарни кари зачини - црвени, зелени и жолти - машаман кари, но и комбинација на ориз, кокос, банани, ананаси, папаја, манго, кикиритки, месо, лигњи, ракчиња и морски плодови. Специјалитет на тајландската кујна е Pad Thai – јадење од оризови нудли, зеленчук, месо и е збогатено со зачини. Покрај тоа, на Тајланд можете да испробате разни супи, пржен ориз со додатоци и разни егзотични комбинации на солено и слатко, месо и овошје. Ако не јадете луто нагласете на келнерот, затоа што чилито е силно застапено во тајландската исхрана. Уличната храна е, по мислење на многумина највкусна, а постои и голем број на ресторани со домашна и интернационална кујна.

Свежо овошје и цедени овошни сокови ќе најдете на секој чекор, и тоа по поволни цени. За љубителите на слатко, тука се Mango sticky rise (Манго со сладок ориз) и Roti – вид на палачинки.
За препораки во однос на одлична локална храна, street food, локални традиционални ресторанчиња најдобро би било да се консултирате со нашиот претставник на дестинацијата.
*Конзумирајте **исклучиво флаширана вода.**

**ВРЕМЕНСКА ЗОНА**
Кралството Тајланд се наоѓа во GMT +7 временска зона, односно разликата помеѓу Македонија и Тајланд е +5 часа.

**СТРУЈА**
Потребно е да понесете адаптер за струја – влез како за Велика Британија (штекери со три сплоснати влезови)

**ТЕЛЕФОН И КОМУНИКАЦИЈА**
Во Тајланд скоро секаде има достапен интернет. Во поедини сместувања сигналот може да биде послаб во собите, но е достапен и одличен на рецепција во хотелот. Исто така повеќето барови и ресторани имаат WiFi. Мобилните мрежи од сите мрежи функционираат на Тајланд, но исто така може да купите нивна сим картичка за интернет доколку сакате да бидете постојано поврзани. (Картичките за интернет ги има во сите поголеми маркети или на Аеродром по пристигнувањето).

**Виетнам**

**1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈАТА**

Виетнам е земја во Југоисточна Азија. Сместена е на брегот на Јужното Кинеско Море и Тајландскиот Залив. На север се граничи со Кина, на запад со Лаос и на југо-запад со Камбоџа. Престорна површина: 331.210 км2, 66-та по големина во светот;

- Население: **94,34 милиони жители**
- Главен град: **Ханој** (3,29 милиони жители)
- Националност: **виетнамци** (85,7%), други етнички групи (14,3%)
- Официјален јазик: виетнамски; се користат уште и англиски и француски;
- Вероисповед: неопределени (80,8%), будисти (9,3%);

**2. ВИЗА**

За државјаните на Р.С. Македонија потребна е виза за посета и престој во Виетнам. Визи за Виетнам се изработуваат онлајн преку линкот: https://evisa.xuatnhapcanh.gov.vn/

Агенцијата може да посредува во изработка на туристичка виза или да обезбеди информации потребни за самостојно аплицирање за виза. Ако визата ја изработувате преку агенцијата, ќе треба да ни испратите целокупната документација потребна за аплицирање. Сите информации поврзани со изработка на визата ќе ги добиете навремено од агенцијата.

Цената на визата е 25€ (еднократен влез) или 50€ (влез со повеќе влезови).

**3. ВРЕМЕНСКА ЗОНА**

Временската зона е **UTC +7**, што значи 6 часа пред С. Македонија.

**4. КЛИМА**

Тропската монсунска клима е распространета во областа **Индокина**. Сезоната на дождови трае од средината на мај до октомври, додека сушната сезона е од ноември до април. Поради високата влажност, и пониските температури тешко се толерираат. На северот влажноста е многу пониска, а климата е поблага. Ноември и декември означуваат пристигнување на сувата сезона и ноќните температури на големи височини може повремено да се спуштаат до ниво на благ мраз. Температурите започнуваат да се искачуваат во јануари, кога достигнуваат и до 40°C.

Во **Виетнам**, климата е тропска, обележана со чести монсуни. На северот забележан е пад на температурата помеѓу ноември и април. Температурите се движат помеѓу 5°C и 37°C.

**5. ХРАНА И ПИЈАЛОК**

Храната е многу разновидна, таканаречено типично азиска. Има многу ориз, риба, тестенини, пилешко, овошје и зеленчук.

**Виетнам** има обилна трпеза и разработена техника за подготовка на храна. Подготовката на храна станала уметност кај виетнамскиот народ, така што некои виетнамски јадења станале светски познати. Во Виетнам, имате можност да пробате многу вкусни јадења што не можете да ги најдете на кое било друго место во светот. Некои јадења се подготвени од морска храна, како што се јастог, риба, рак и лигњи... кои се релативно ретки и скапи во некои западни земји, но неверојатно евтини во Виетнам. Покрај уживањето во традиционалните јадења како супа од тестенини (Pho), свински колбас (Gio lua), пролетно пециво (Nem ran), рибни кугли (Cha ca) и др… Виетнам го прифатил начинот за подготовка на некои јадења од земји што се познати по нивната добра подготовка на храна и добрите кулинарски техники, како што се Тајланд, Кина, итн...

**ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ**
Дебарца 15,
1000 Скопје

**ДДВ:** 4080019583188
**МБ:**
**Број на лиценца:** УП 113-289 (Лиценца А)
**Трансакциска сметка:** 270-0736139401-84 ХАЛКБАНК АД Скопје

**Телефон:** 076 566 666
**E-mail:** kontakt@jungletribe.mk
**Сајт:** www.jungletribe.mk

**6. ЗДРАВЈЕ**

Вакцинацијата е по избор. Нашите патници одлучуваат индивидуално дали сакаат да бидат вакцинирани или не. Најдобро е да се јавите во Институтот за јавно здравје и да проверите. Препорачливо е да земете абдоминални лекови (пробиотик), треска или некои лекови за болка и покачена телесна температура, за секој случај. Ако не го земете тоа, не е страшно, сè може да се купи во аптеките таму. Исто така, има комарци таму, па можеби ќе сакате да донесете и Аутан, и таму може да земете репеленти против комарци, од искуство, нивните средства се посилни.

**7. ОСИГУРУВАЊЕ**

Осигурувањето е незадолжително, но секако го препорачуваме за далечни дестинации. Можете да го платите во која било осигурителна компанија и да го понесете на патувањето, или можете да го уплатите кај нас во агенцијата најдоцна 5 дена пред патувањето.

**8. СИГУРНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ**

На сите посетители им се советува да бидат внимателни. Се препорачува внимателно чување лични документи и пари заради ризик од грабеж и џепароши. Движењето по улица навечер се препорачува само доколку не сте сами. Дрогата е нелегална, и како таква е казнива со закон и затвор.

**9. ОБЛЕКА**

Пакувајте што е можно помалку облека! Насекаде можете да ги исперете алиштата. Оваа услуга е многу поволна, околу 1 евро по килограм, алиштата брзо се завршени, убаво испрани и здиплени. Со оглед на високите температури, понесете лесна гардероба. Задолжително понесете дуксер или некоја лесна јакна и некои долги панталони за возењето со автобуси (кои се климатизирани). Кога посетувате културни и историски места, поточно храмови, имајте во предвид дека е задолжително да ги покривате нозете и рамената, затоа при пакување внимавајте на ова.

**10. ЛОКАЛНА ВАЛУТА**

Валутата во Виетнам е **виетнамски донг,** а девизниот курс е 1 УСД = 23.365 VND.

Исто така, не препорачуваме да се потпрете на плаќање со платежни картички, па затоа е подобро да носите пари во готово.

**11. ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ И БАНКОМАТИ**

Банкарскиот систем е високо развиен, така што ќе најдете бројни банки и банкомати на секој чекор од патот. Треба да проверите кај матичната банка за точниот износ на провизијата. Наша препорака е да понесете пари во готово.

Може да се користат кредитни картички, но претходно мора да ја известите вашата банка за да немате проблеми со блокирање на картичката. Исто така имате менувачници на секој чекор, достапни во текот на целиот ден.

**12. КОМУНИКАЦИЈА**

Нашите мрежи во Виетнам работат, но најлесно ќе ви биде да си купите локална SIM картичка. Исто така, насекаде има интернет кафулиња, а сместувањата се опремени со wireless интернет.

**Камбоџа**

**Камбоџа** е држава во југоисточна Азија. На југозапад излегува на Тајландски залив (дел од Јужно кинеско море). На запад и север се граничи со Тајланд, на север со Лаос и на исток и југ со Виетнам.

- Површина на земјата: **181,035 km2**, 90. по големина во светот
- Број на жители: **15,7 милиони жители**
- Главен град: **Pnom Pen** (1,7 милиони жители)
- Националност: **Камбоџанци** – Кмери (90%), останато: Виетнамци, Кинези;
- Официјален јазик: ***кмерски***;
- Вероисповед: **будизам** (будисти 96,9%);

Виза за Камбоџа се вади на граница. За тоа е потребно да имате две фотографии, 3.5 x 4.5cm на бела позадина и **40 долари** (во долари). На излез од Камбоџа се плаќа и такса од 20 долари.

Временската зона е **UTC +7**, значи 6 часа нанапред во однос на С. Македонија.

Во **Камбоџа** климата е монсунска. Од декември до април трае сушен период, кога преовладува сув североисточен монсун. Просечната температура се движи помеѓу 21°C и 35°C.

**Камбоџанската кујна** се издвојува со често користење на билки, тревки и зеленчук. Камбоџанската кујна се краси со репутација на една од најстарите и најздравите во светот. Најважниот додаток во сите јадења е ориз и тестенини од разнолики видови и облици. Од месо се јаде пилешко, свинско, телешко и месо од патка. Се консумираат многубројни видови на овошје и зеленчук. Специјалитет на камбоџанската кујна е Амок - кари паста со кокосово млеко и бројни додатоци, спакувано во лист од банана. Тука се уште и супата со нудли, месо од скара, салата од манго и разни други слатко - луто - кисели комбинации.

Вакцинација не е задолжителна. Нашите патници индивидуално одлучуваат дали сакаат да се вакцинираат или не. Најдобро е да се консултирате со Институт за јавно здравје и да проверите. Пожелно е да понесете лекови за стомачни болки (пробиотик), фервекс или некои лекови за болка и покачена телесна температура, за секој случај. Доколку не понесете, не е страшно, сé може да се купи и во тамошните аптеки. Исто така, таму има комарци, па би било добро да понесете и Аутан, а можете и таму да купите средства против комарци, но од искуство, нивните средства се со посилно дејство.

На сите посетители им се советува да бидат внимателни. Се препорачува грижливо чувањена личните документи и пари поради ризик од кражби и џепароши.

Движење во доцните вечерни часови се препорачува само доколку не сте сами. Дрогата е нелегална појава, и како таква е казнива со закон и затвор.

Спакувајте што е можно помалку багаж! Секаде можете да ги исперете алиштата. Таа услуга е навистина поволна, околу 1 евро по килограм, алиштата се набрзина готови, убаво испрани и здиплени. Со оглед на високите температури, носете лесна гардероба. Задолжително понесете дуксер или некоја лесна јакна и некои долги панталони за возењето со автобусите (бидејќи се климатизирани). Понесете некои удобни патики за целодневните обиколки на комплексот Ангкора. За обиколките на културно - историските знаменитости, конкретно храмови, мораме да напоменеме дека е задолжително покривање на нозете и рамењата, така да обрнете внимание и на тоа за време на пакувањето. Ако било што заборавите, од гардероба, козметика, обувки, без грижи, таму можете да купите сé.

Што се однесува до парите и плаќањето, пожелно е да носите долари, особено за Камбоџа. Валутата во Камбоџа е **камбоџански рил (Riel)**. Однос на валутата изнесува околу **1 USD = 4.045 KHR**, иако во Камбоџа секаде е можно плаќање со долари, па поради тоа Ве советуваме да понесете долари и тоа што е поситно можно.

Банкарскиот систем е многу развиен, така што ќе најдете бројни банки и банкомати на секој чекор. За износот на точната провизија би требало да проверите со матичната банка. Наша препорака е да понесете готовина.

Користење на платежни картички е можно, но тоа морате претходно да го најавите во матичната банка, за да не дојде до блокирање на картичките. Менувачници исто така имате на секој чекор, достапни во текот на целиот ден.

Нашите мрежи не функционираат во Камбоџа. Исто така, интернет кафулиња има насекаде, а и во сместувањата е достапна wireless интернет мрежа.

**Важни напомени**

**Напомени:**

**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност

за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)

- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не поседуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.